Врз основа на член 16, став 9, алинеја 8 и член 18, став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2013 и 30/2016) и член 34-а од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција Република Северна Македонија објавува

**ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК бр. 6/2021**

**Член 1**

за избор на членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, во:

- Секторска комисија за **геологија, рударство и металургија, 1** (**еден**) **член**;
- Секторска комисија за **електротехника, 1** (**еден**) **член**;
- Секторска комисија за **лични услуги, 1** (**еден**) **член**
- Секторска комисија за **хемија и технологија, 1** (**еден**) **член**;
- Секторска комисија за **градежништво и геодезија, 1** (**еден**) **член**;
- Секторска комисија за **текстил, кожа и слични производи, 1** (**еден**) **член**;
- Секторска комисија за **угостителство и туризам, 1** (**еден**) **член**.

Критериуми за избор:

- завршено високо образование од **области на соодветниот сектор**
- компјутерски вештини (MS Office)
- познавање на англиски јазик (најмалку B1 ниво)
- најмалку 5 години работно искуство во **соодветниот сектор**
- познавање на занимањата во **соодветниот сектор**
- посебно професионално искуство: учество во разни органи, тела и комисии од областа на **соодветниот сектор**.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV)
- изјава за конфликт на интереси.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Комисија.

Јавниот повик трае 10 работни дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**

**Повикот е објавен во изданијата на дневните весници Нова Македонија и Коха на 29-30.01.2022 година**